ГРАД СКОПЈЕ - QYTETI I SHKUPIT
Бр. Nr. 08-2847/2
03-03-2026 20__
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на Програмата за активностите во областа на социјалната, детска и здравствена заштита, во Град Скопје ("Службен гласник на Град Скопје" број 14/25 и број 02/26), Град Скопје објавува:

# ЈАВЕН ПОВИК
за давање право на времено користење на недвижна ствар, сопственост на Град Скопје

## I. Предмет на јавниот повик:

Предмет на јавниот повик е давање право на времено користење на недвижна ствар-пет локали, на ул. „Сава Ковачевиќ" бр.1 ламела 2 и ламела 3, КП 794/1 КО Кисела Вода, сопственост на Град Скопје на здружение на граѓани или фондација кои работат во областа промовирање на решенија за создавање на инклузивно општество преку формирање социјални клубови за различни ранливи категории на граѓани со цел нивно општествено вклучување ( деца со церебрална парализа, граѓани со дијабет и ретки болести ) , сопственост на Град Скопје и тоа:

- Локал 1 – со вкупна површина од 29 м2- ламела 2
- Локал 2 – со вкупна површина од 22 м2- ламела 2
- Локал 3- со вкупна површина од 25м2 – ламела 3
- Локал 4- со вкупна површина од 47 м2 – ламела 2
- Локал 5 – со вкупна површина од 29 м2- ламела 2

## II. Временска рамка за користење на недвижната ствар

Недвижната ствар – локал/локали , ќе бидат доделени на времено користење без надомест кое ќе биде уредено со потпишување на договор.

## III.Услови за учество на јавниот повик

Апликантите кои учествуваат на овој јавен повик да ги исполнуваат следните услови:

- Да се регистрирани во Централниот регистар на Република Северна Македонија,
- Да работат во областа промовирање на решенија за создавање на инклузивно општество преку формирање сервиси, социјални клубови и услуги за различни ранливи категории на граѓани со цел нивно општествено вклучување ( деца со церебрална парализа, граѓани со дијабет и ретки болести );
- Да имаат искуство од областа на социјалната заштита од минимум пет години;
- Да раководи со специјализирана услуга за градење на заедница каде секој се чувствува прифатен, слушнат и активен;
- Да има искуство во обезбедување на безбедни простори за поврзување на луѓе од различни возрасти, култури, етнички заедници, лица со попреченост и групи на лица со различни болести (лица со дијабет и ретки болести)

- Да испланираат средства од сопствен буџет за плаќање на режиски трошоци во локалите кои ќе им бидат доделени

- **IV. Начин на пријавување на јавниот повик**

Апликантите кои учествуваат на овој јавен повик се должни да ја достават следната документација:

- Пополнет Образец за предлог проект (достапен на веб страната на Град Скопје www.skopje.gov.mk);
- Решение за регистрација на апликантот издадена од Централен регистар ;
- Фотокопија од завршната сметка за претходната фискална година;
- Копија од Статутот на апликантот;
- Уверение за платени даноци издадено од даночните органи.

Апликантите можат да ја достават следнава дополнителна документација, која ќе се смета за предност:

- Професионална биографија на стручните лица кои ќе бидат ангажирани во реализација на проектот;
- Референтна листа или доказ (пример: потпишан договор) за најмалку 2 проекти реализирани во областа за која што се аплицира;
- Најмалку 2 мислења (референци) од партнери или донатори за реализација на претходни проекти;
- Писмена поддршка од други организации и/или институции за кои е планирано да земат учество во реализицијата на проектот.

**V. Начин на спроведување на јавниот повик**

За утврдување на исполнување на условите и комлетноста на доставената документација од јавниот повик, Градоначалникот на Град Скопје формира Комисија за спроведување на јавен повик за давање на право на времено користење на недвижна ствар –локал/локали, сопственост на Град Скопје (во понатамашниот текст : Комисијата).

Пријавите кои се ненавремени, неуредни (нечитливи) или некомплетни и не ги исполнуваат условите, Комисијата нема да ги разгледува, за што ги известува апликантите чии пријави се отфрлени.

За пријавите кои се комплетни, навремени и ги исполнуваат условите, Комисијата дава предлог ранг листа до Градоначалникот за избор на апликант за давање право за времено користење на недвижна ствар –локал/ локали.

Градоначалникот на Град Скопје по предлог на Комисијата донесува Решение за давање право на времено користење на недвижна ствар-локал/локали на најдобро рангираните апликанти. Со избраните апликанти Град Скопје ќе склучи договори со кој ќе се уредат меѓусебните права и обврски на договорните страни по основ на користење на недвижната ствар – локал/локали во сопственост на Град Скопје.

## VI. Рок и начин на доставување на пријавите

Крајниот рок за поднесување на пријавите е 07.03.2026 година, до 15:00 часот.

Пријавата со целокупната документација да се достави до Архивата на Град Скопје (бул. Илинден бр.82 Скопје) во затворен коверт со назнака: До Комисијата за спроведување на јавен повик за давање право на времено користење на недвижна ствар – локал/локали.

**Пријавите доставени по e-mail нема да бидат разгледувани.**

Образецот за предлог - проект е достапен на интернет страната на Град Скопје www.skopje.gov.mk.

Учесниците на Јавниот повик ќе бидат известени за резултатите во рок од 5 дена од денот на донесување на Решение за доделување на недвижната ствар – локал/локали.

*За дополнителни информации:*
Прашања за појаснување може да се поставуваат писмено или по електронски пат до Одделението за социјална, детска и здравствена заштита.
Контакт: Одделение за социјална, детска и здравствена заштита, тел: 02/ 3297 278 и 02/ 3297 321 ; Е-маил адреса: socijala@skopje.gov.mk.